Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

РЕАКТОР истражување во акција

# Зошто ни требаат родово одговорни избори?

**Родовата еднаквост претставува темелен принцип на демократското уредување** и клучен индикатор за квалитетот на изборните процеси.

Демократските избори не се ограничуваат само на формалното остварување на избирачкото право, туку подразбираат **услови во кои сите граѓани и граѓанки имаат еднакви можности да учествуваат во политичкиот живот**, како гласачи и гласачки, кандидати и кандидатки, носители и носителки на јавни функции и активни учесници и учеснички во јавната дебата.

**Жените**, и покрај формално еднаквите права, **се соочуваат со специфични бариери** како ограничен пристап до финансии и медиуми, потценување на нивниот политички капацитет, како и различни форми на притисок, заплашување и дискредитација. Овие фактори директно влијаат врз нивното учество и застапеност во изборните процеси.

Кога жените се системски обесхрабрени или оневозможени да учествуваат, изборите не го одразуваат реалниот состав и интересите на општеството, а демократскиот легитимитет останува сериозно нарушен.

## Каде сме сега во С. Македонија:

- Постојат квоти (40%), но обезбедуваат бројки, не и реално учество и моќ
- Жените се сè уште недоволно застапени на лидерски и извршни позиции
- Недостасува родова перспектива во политичките кампањи, медиумското известување и финансирањето
- Нема соодветни механизми за заштита од родово базирано насилство во политиката
- Пристапот до ресурси зависи од внатрешната партиска волја, без јасни законски гаранции

Тековната застапеност на жените во политиката често е формална, но не и суштинска – квотите, онаму каде што ги има, обезбедуваат присуство, но не и реално влијание. Партиите најчесто ги исполнуваат обврските минимално, без суштинска поддршка за жените, што резултира со ограничен пристап до моќ и одлучување, а тоа значи изоставување на перспективата и потребите на половина од граѓаните во процесот на носење на одлуки и креирање на политики.

Стратешката цел за 50/50 застапеност на жените и мажите во политиката е една од клучните амбиции во Националната стратегија за родова еднаквост (2022–2027) – основниот документ што ја дефинира државната политика во оваа област. Постигнувањето на оваа цел бара системски и правно обврзувачки пристап. Ова подразбира унапредување на Изборниот законик и партиските процедури преку воведување ефективни мерки, како родово балансирани кандидатски листи, правила за нивно редоследно распоредување и механизми за поттикнување на политичките партии. Само преку вакви структурни измени може да се обезбеди одржлива и реална политичка еднаквост.

Родовата еднаквост и еднаквото учество на жените и мажите во политиката се и експлицитно дел од критериумите за пристапување во Европската унија и од обврските кои Република Северна Македонија ги има преземено во процесот на преговори – како дел од политичките критериуми од Копенхаген и пристапниот дијалог за владеење на правото, демократија и фундаментални права Унапредувањето на изборното законодавство со родово одговорни одредби, усогласено со Националната стратегија за родова еднаквост 2022–2027, директно придонесува за исполнување на ЕУ-обврските и забрзување на интегративните процеси.[1]

1 https://www.merc.org.mk/Files/Write/KeyDocuments/04825/0/en/Screening_report-North_Macedonia.pdf

Затоа, ни требаат изборни процеси кои:

- обезбедуваат суштинска, а не само формална еднаквост меѓу жените и мажите;
- ги препознаваат и системски ги адресираат родово специфичните бариери во политичкото учество;
- вклучуваат проактивни правни и институционални мерки за унапредување на родовата рамнотежа;
- обезбедуваат ефикасна заштита од дискриминација, заплашување и родово засновано насилство, особено во политички и изборен контекст;
- гарантираат еднаков пристап до ресурси, институции и механизми за правна заштита.

**Интеграцијата на родовата перспектива мора да биде составен дел од изборното законодавство, институционалните практики и политичката култура бидејќи родовата еднаквост не смее да биде само декларативна заложба туку услов за фер, инклузивни и кредибилни избори** и за полн демократски легитимитет на институциите и општеството.

**Прочитајте повеќе:**
Мапирање на правната рамка за родово одговорни избори

Ова истражување е финансирано од Европската унија во рамки на проектот „ЛОКАЛНИ ГЛАСОВИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА: МОЌ, ВЛИЈАНИЕ И ЕДНАКВОСТ ВО ПРАКСА" спроведуван од Реактор –Истражување во акција. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.